ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKE RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 0503 - 3536/1
30.07.24
СКОПЈЕ-SHKUP



# И З В Е Ш Т А Ј

**ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА СКОПЈЕ**

**за период од 01.01. – 30.06.2024 година и тримесечен извештај со показатели за финансиското работење за период од април до јуни 2024 година**

**Скопје, јули 2024**

# 1 ОСНОВАЊЕ, ДЕЈНОСТ, ОРГАНИЗАЦИЈА, ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ, ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА, ЗАКОНИ, УРЕДБИ И ПРАВИЛНИЦИ

**ОСНОВАЊЕ**

Јавното претпријатие „Улици и патишта" - Скопје својата дејност ја обавува од 1958 година како Градска управа за патишта, организација со самостојно финансирање.

Јавното претпријатие е основано со Одлука за поделба на претпријатието ЈКП „Комуналец" во повеќе посебни претпријатија со бр.02-3800/7 од 08.10.1992 година, заведено во судскиот регистар на Окружниот стопански суд во Скопје под број 19253/92 од 29.12.1992 година.

Со Решение Трег. Бр.10504/1999 од 29.10.2001 година од Основен суд Скопје 1 Скопје извршено е усогласување со Законот за јавни претпријатија и Статутот на Јавното претпријатие „Улици и патишта"-Скопје, донесен од Управниот одбор на ден 21.12.1998 година бр. 02-2932/1 на кој е дадена согласност од Советот на град Скопје, Решение број 09-3196 од 21.12.1998 година и Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Улици и патишта" – Скопје бр.09-1617/1 од 28.06.1999 година.

Седиштето на Јавното претпријатие е во Скопје, на ул. „Коле Неделковски" бр.38.

Јавното претпријатие има својство на правно лице. Во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка и за обврските одговара со целиот имот со кој располага.

**ДЕЈНОСТ**

Претежна дејност под која е регистрирано Јавното претпријатие е под шифра **42.11 Изградба на патишта и автопати.**

Во рамките на предметот на работењето Претпријатието ќе ги врши и следниве дејности:

- 08.12 Вадење на чакал и песок, глина и каолин;
- 08.99 Останато рударство и вадење на камен неспомнато на други места;
- 23.61 Производство на производи од бетон за градежни цели;
- 42.91 Изградба на хидроградежни објекти;
- 42.99 Изградба на други објекти од нискоградба неспомнати на други места;
- 43.11 Уривање;
- 43.12 Подготвителни работи на градилиште;
- 43.29 Други градежни – инсталатерски работи;
- 45.20 Одржување и поправка на моторни возила;
- 71.12 Инженерство и со него поврзано техничко советување;
- 96.03 Погребни и слични дејности;

**ОРГАНИЗАЦИЈА**

Организационата поставеност на Јавното претпријатие „Улици и патишта" - Скопје е уредена со посебен акт Правилник за внатрешна организација на ЈП „Улици и патишта" Скопје, според кој Претпријатието го сочинуваат следните организациони единици (во форма на Сектори и Одделенија):

- ➢ Самостојно одделение за внатрешна ревизија;
- ➢ Самостојно одделение за јавни набавки;

- Сектор за Механизација;
- Сектор Одржување и изградба на сообраќајници;
- Сектор Сообраќај;
- Сектор Техничка подготовка и развој;
- Сектор Општи, правни работи и човечки ресурси;
- Сектор Финансиско работење.

Секој Сектор се дели на соодветен број одделенија кои дејствуваат како единствена целина во рамките на Претпријатието и немаат својство на правни лица.

Бројот на вработени во редовен работен однос во ЈП „Улици и патишта" заклучно со **30.06.2024** година изнесува **244 лица** за разлика од 30.06.2023 година кога бројот на вработени изнесувал 236 односно е зголемен за 8 лица.

Бројот на вработени на 30.06.2024 година изнесува 244 лица во редовен работен однос на неопределено време, а на 31.03.2024 година бројот на вработени во редовен работен однос изнесувал 247 лица.

Во однос на 31.03.2024 година има намалување на бројот на вработени на 244 од 247 и тоа за 3 лица:

***ОДЈАВИ***

- 1(еден) Работник КВ, Одделение за одржување, изградба и реконструкција на Сообраќајници, СЕКТОР ОДРЖУВАЊЕ И ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНИЦИ – Поради Смрт на работникот, согласно Член 62 став 2 од Закон за работни односи.
- - 1(еден) Возач на лесно товарно возило, Одделение за експлоатација и регистрација на возила и градежни машини, СЕКТОР ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА - Старосна пензија, Согласно Член 104 од Закон за работни односи.
- -1 (еден) Стручен соработник за техничка документација, Одделение за експлоатација и регистрација на возила и градежни машини, СЕКТОР ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА - Мирување поради избор или именување на функција, Согласно Член 151 од Закон за работни односи.

Квалификационата структура на вработените на 30.06.2024 година е прикажана во следнава табела:

**БРОЈ И КВАЛИФИКАЦИОНА СТРУКТУРА ПО СЕКТОРИ И САМОСТОЈНИ ОДДЕЛЕНИЈА**

| | ВСС | ВШС | ССС | ВК/КВ | НК/ПК | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Директор | 1 | | | | | **1** |
| Самостојно одделение за внатрешна ревизија | 1 | | | | | **1** |
| Самостојно одделение за јавни набавки | 4 | | | | | **4** |
| Одржување и изградба на сообраќајници | 2 | 1 | 10 | 28 | 26 | **67** |
| Сообраќај | 12 | 1 | 15 | 6 | | **34** |
| Механизација | 2 | | 54 | 12 | 7 | **75** |
| Техничка подготовка и развој | 9 | | 2 | | | **11** |
| Финанско работење | 4 | 1 | 12 | | | **17** |
| Општи правни работи и човечки ресурси | 5 | | 29 | | | **34** |
| Вкупно | **40** | **3** | **122** | **46** | **33** | **244** |

Целокупното финансиско работење во 2024 година, Јавното претпријатие "Улици и патишта" - Скопје го извршува преку 5 (пет) сметки отворени во деловните банки и тоа 3 (три) денарски сметки и 2 (две) девизни сметки:

| | | |
|---|---|---|
| 500000001408079 | Стопанска банка АД Битола | Денарска сметка |
| 270045289640163 | ХАЛКБАНК АД Скопје | Денарска сметка |
| 270045289640260 | ХАЛКБАНК АД Скопје | Денарска сметка - наменска |
| MK07270703000001011 | ХАЛКБАНК АД Скопје | Девизна сметка |
| MK07500703000000860 | Стопанска банка АД Битола | Девизна сметка |

Од 01.12.2023 година назначен е Директор на ЈП Улици и патишта Скопје, **директорот м-р Ќамил Ковачи**, а од 28.06.2024 година е именуван како законски застапник на функцијата В.Д. директор Ванчо Умленски. Примањата по основ на плата и надоместоци се определени со Договор склучен помеѓу Градиначалникот на Град Скопје и Директорот на Јавното претпријатие.

**ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ**

Органи на управување на Јавното претпријатие „Улици и патишта" - Скопје согласно Статутот донесен на седницата одржана на 03.06.2011 година се:

- Управен одбор
- Надзорен орган за контрола на материјално – финансиското работење и
- Директор

**ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА**

Целокупното работење на ЈП „Улици и патишта" Скопје се одвива во согласност со **Програмите за работењето за 2024 г**. за кои согласност дава Советот на Град Скопје и тоа:

- Програма за одржување и реконструкција на сообраќајници во надлежност на Град Скопје, пешачки и велосипедски патеки и јавни рекреативни површини на подрачјето на Град Скопје во 2024 година (02-6865/2 од 22.12.2023);
- Програма за одржување, проектирање и изведба на светлосна, хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација и сообраќајно - техничка опрема на подрачјето на Град Скопје во 2024 година (02-6865/3 од 22.12.2023);
- Програма за одржување на магистрални и собирни улици на подрачјето на Град Скопје во зимски услови за 2023/2024 година (Зимска Служба);
- Програма за одржување на коритото на реката Вардар, нејзините притоки, отворените канали и расчистување на дивите депонии на подрачјето на Град Скопје за 2024 година 902-540/2 од 29.01.2024);

**ЗАКОНИ, УРЕДБИ И ПРАВИЛНИЦИ врз основа на кои се одвива целокупното работење на ЈП**

- Закон за јавни претпријатија
- Закон за трговски друштва
- Закон за данокот на додадена вредност
- Закон за данок на добивка

- Закон за персонален данок на доход
- Закон за исплата на плати во Република Македонија
- Закон за јавни набавки
- Закон за работни односи
- МСС
- Закон за комунални дејности
- Закон за градба
- Уредба за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отпис на вредноста на нематеријалните и материјалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните аморизациони ставки
- Правилник за сметковниот план и содржината на одделните сметки во сметковниот план
- Правилник за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот и други.

# 2 ФИЗИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Физички показатели од работењето на **ЈП Улици и патишта Скопје** во периодот 01.01.-30.06.2024 година се прикажани во следнава Табела:

| Реден број | ЈП Улици и патишта | Асфалтирање | Асфалт-крпење ударни дупки | Столбчиња | Обележување | Знаци | Лед модули | Лантерни |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2024** | м2 | тон | ком | м2 | ком | ком | ком |
| **1** | **Град Скопје** | 30.879,01 | | | 14.745,79 | 210 | 73 | 33 |
| **2** | **Други инвеститори** | 9,32 | 1.168,00 | | | | | |
| | **Вкупно:** | **30.888,33** | **1.168,00** | **0** | **14.745,79** | **210** | **73** | **33** |

| Реден број | ЈП Улици и патишта | Механизација | Работна рака | Ладен асфалт | Рачно чистење на косини на река Вардар | Машинско чистење на корито и канали |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2024** | час | час | тон | м2 | м2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Град Скопје** | 7.280,00 | 22.960,00 | 180,50 | 27.448,00 | 0 |
| 2 | **Други инвеститори** | | | | | |
| | **Вкупно:** | **7.280,00** | **22.960,00** | **180,50** | **27.448,00** | **0** |

Од Табелата може да се констатира дека најголем дел од работењето во првата половина од тековната 2024 година е извршено за основачот Град Скопје, а занемарлив дел е работењето за други инвеститори – правни лица.

Во следната табела се прикажани физичките показатели од работењето за Град Скопје за период **01.01.-30.06.2024** година.

| **Реден број** | **ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА** | Асфалт-асфалтирање | Бележење | Знаци | Лед модул | Столб-санација | Лантерни- | Рачно чистење на ккосини/канали | Машинско чистење на косини/ канали | Маханизација | Работна рака | Ладен асфалт |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | м2 | м2 | ком. | ком. | ком. | Ком. | м2 | м3 | час | час | тон |
| 1. | Асфалтерски работи - изградба | 30.879,01 | | | | | | | | 800 | 1360 | |
| 2. | Хоризонтална и вертикална сигнализација | | **14.745,79** | 210 | | | | | | | | |
| 3. | Светлосна сигнализација | | | | 73 | 12 | 33 | | | | | |
| 4. | Зимска служба | | | | | | | | | 6.480,00 | 21.600,00 | 180,50 |
| 5. | Корито на река Вардар | | | | | | | 27.448,00 | | | | |
| | **Вкупно** | **30.879,01** | **14.745,79** | **210** | **73** | **12** | **33** | **27.448,00** | **0** | **7.280,00** | **22.960,00** | **180,50** |

## 2.1. ГРАД СКОПЈЕ

### 2.1.1 АСФАЛТИРАЊЕ

Во првото полугодие од 2024 година по налог на Градот Скопје асфалтирани се површини од **30.879,01 м2** што покажува дека асфалтирани се повеќе површини во однос на истиот период минатата 2023 година кога биле асфалтирани површини од **13.625,55 м2** односно зголемени се асфалтираните површини за 17.253,46 м2.

Во првото полугодие од 2024 година по налог на Градот Скопје не се извршувани активности како редење на коцки/плочки/жардињери, а во овој период во 2023 година оваа активност е извршена односно наредени се 1.875,55 м2.

Во периодот 01.01.-30.06.2023 година поставена е метална конструкција (2.708,40кг), ограда (283м1), заштитни столбчиња (459 парчиња), а во истиот период во 2024 година не се извршени активности од овој вид.

Подетално овие дејности на Претпријатието согласно Програмата се наведени во следната Табела:

| Месец/објект | Асфалт | Метална конструкција | Ограда | Коцки/ плочи/ жардиниери | Заштитни столбчиња | Механизација | Работна рака |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2024** | м2 | кг | м1 | м2 | ком | час | час |
| МАРТ | | | | | | | |
| **Општина Аеродром** | | | | | | | |
| Партерно уредување на ул.Васко Карангелевски | 558,60 | | | | | | |
| **Општина Бутел** | | | | | | | |
| Реконструкција на ул. Александар Урадревски | 10.566,40 | | | | | | |
| **Општина Гази Баба** | | | | | | | |
| Реконструкција на ул.808-коловоз | 5.880,31 | | | | | | |
| Реконструкција на ул.808-тротоар-1 | 2.019,73 | | | | | | |
| Реконструкција на ул.808-тротоар-2 | 2.188,58 | | | | | | |
| Реконструкција на ул.808-тротоар-3 | 1.308,07 | | | | | | |
| Реконструкција на ул.808-тротоар-4 | 1.558,17 | | | | | | |
| **Општина Карпош** | | | | | | | |
| Реконструкција на ул. Калош Дани | 4.204,22 | | | | | | |
| **ВКУПНО ЗА МЕСЕЦ МАРТ** | **28.284,08** | | | | | | |
| **МАЈ** | | | | | | | |
| **Општина Аеродром** | | | | | | | |
| Изградба на ограда и проект на ул. Васко Карангелевски | | | | | | | |
| Рушење на објекти во Керамидница-траса на бул. АСНОМ | | | | | | 800,00 | 1.360,00 |
| **Општина Карпош** | | | | | | | |
| Санација надел од бул. 8-ми Септември | 1.006,19 | | | | | | |
| Рекреативно игралиште во ГУЦ Здравко Цветковски | 1.209,14 | | | | | | |
| ул. Калош Дани-реконструкција | | | | | | | |
| **Општина Центар** | | | | | | | |
| Санација на пешачки мост (кај Жабар) | 379,60 | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Изведба на фитнес терен на кеј на р.Вардар | | | | | | | |
| **ВКУПНО ЗА МЕСЕЦ МАЈ** | **2.594,93** | | | | | 800,00 | 1.360,00 |
| **ВКУПНО** | **30.879,01** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **800,00** | **1.360,00** |

## 2.1.2.ХОРИЗОНТАЛНА И ВЕРТИКАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

Во набљудуваниот период 01.01.-30.06.2024 година работено е и на поставување на **хоризонтална сообраќајна сигнализација** односно рачно и машинско бележење на коловози и сл. и истото е прикажано во следната табела:

| **Месец** | **Рачно бележење** | **Машинско бележење** | **Вибрациони ленти** |
|---|---|---|---|
| 2024 | **м2** | **м2** | **м2** |
| **АПРИЛ** | | | |
| Извршена хоризонтална сообраќајна сигнализација | 4.563,23 | 760,50 | |
| **МАЈ** | | | |
| Извршена хоризонтална сообраќајна сигнализација | 2.613,14 | 1.715,70 | |
| **ЈУНИ** | | | |
| Извршена хоризонтална сообраќајна сигнализација | 2.748,12 | 2.345,10 | |
| **ВКУПНО** | **9.924,49** | **4.821,30** | **0** |

Споредено со истиот период 2023 г има значајно зголемување и кај рачното обележување – за 7.416,75 м2 и кај машинско бележење-за 3.453,33 м2.

Во набљудуваниот период 01.01.-30.06.2024 година работено е и на поставување на **вертикална сигнализација** односно сообраќајни знаци и тоа:

| **Месец** | **Монтирани нови сообраќајни знаци** | **Демонтирани сообраќајни знаци** | **Исправени сообраќајни знаци** | **Монтирани нови сообраќајни огледала** | **Монтирани нови катадиоптри** | **Монтирани нови гумени делинеатори** | **Монтирани нови ретрорефлектирачки столбчиња** | **Монтирани нови гумени платоа за смирување на сообраќај** | **Монтирани нови светлечки сообраќајни знаци (еднострани и двострани)** | **Монтирани нови лед сообраќајни знаци со променлив приказ на пиктограм** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2024** | парче | парче | парче | парче | парче | парче | парче | парче | парче | парче |
| **АПРИЛ** | | | | | | | | | | |
| Одржување на вертикална сигнализација | 90 | 41 | 39 | | | | | | | |
| **МАЈ** | | | | | | | | | | |
| Одржување на вертикална сигнализација | 22 | 17 | 1 | 1 | | | | 7 | | |
| **ЈУНИ** | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одржување на вертикална сигнализација | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | **112** | **58** | **40** | **1** | | | | **7** | | |

## 2.1.3. СВЕТЛОСНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

Активности на Одделнието **Светлосна сигнализација** за периодот од **01.01.-30.06.2024 година** се прикажани во следната Табела и тоа по месеци од редовно тековно одржување и потрошен материјал:

| **2024** | **Нови лед лантерни** | | | | **Репариран лед модул** | | | **Репарирана лантерна** | | | | **Семаф. столбови** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **01.01.-30.06.** | Возачка ф300 | Возачка ф210 | Пешачка | Дополнителна | Возачка ф300 | Возачка ф210 | Пешачка ф210 | Возачка ф300 | Возачка ф210 | Пешачка ф210 | дополнителна | Обични | Конзолни | Портални и полупорт. |
| **2024** | ком | ком | ком | ком | ком | ком | ком | ком | ком | ком | ком | ком | ком | ком |
| **АПРИЛ** | | | | | | | | | | | | | | |
| Тековно одржување | | | | | | | | | | | | | | |
| Потрошен материјал | 1 | 4 | 7 | | 7 | 14 | 5 | | | 1 | | 6 | | |
| **МАЈ** | | | | | | | | | | | | | | |
| Тековно одржување | | | | | | | | | | | | | | |
| Потрошен материјал | | | | | 3 | 13 | 7 | | 1 | 2 | | 2 | | |
| **ЈУНИ** | | | | | | | | | | | | | | |
| Тековно одржување | | | | | | | | | | | | | | |
| Потрошен материјал | 9 | 3 | 2 | | 2 | 7 | 15 | | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | |
| **Вкупно:** | **10** | **7** | **9** | | **12** | **34** | **27** | | **2** | **4** | **1** | **11** | **1** | |

## 2.1.4 КОРИТО НА РЕКА ВАРДАР И ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИ ДЕПОНИИ

Во периодот 01.01.-30.06.2024 година се извршувани активности поврзани со рачно чистење на коритото на река Вардар и отворените канали на подрачјето на Градот согласно дадените налози за работа од Град Скопје односно Претпријатието беше ориентирано само кон рачно чистење на косините на коритото на река Вардар односно не се извршени активности машинско чистење на косините на река Вардар и машинско булдожерско туркање на песочните наноси и мил.

Во периодот 01.01.-30.06.2024 година рачно се исчистени 27.448,00 м2 на коритото на р. Вардар, а во периодот 01.01.-30.06.2023 година се извршувани активности поврзани со машинско чистење на коритото на река

Вардар и отворени канали на подрачјето на Градот (2.940,00 м3), извршено е машинско чистење на косините на 8.650,00 м3 и машинско булдожерско туркање на песочни наноси и мил на 2.760,00 м3.

| Реден број | ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА | Рачно чистење на косините | Машинско чистење на косините | Машинско булдожерско туркање на песочни наноси и мил |
|---|---|---|---|---|
| | 2024 | м2 | м3 | м3 |
| | **ЈУНИ** | | | |
| **1.** | Рачно чистење на косините и коритото на река Вардар – потег од пешачки мост кај Влада до новиот мост кај хотел Русија | 27.448,00 | | |
| | **Вкупно** | **27.448,00** | **0,00** | **0,00** |

### 2.1.5.ЗИМСКА СЛУЖБА

Кај Зимската служба, изработените работни часови од работната рака изнесуваат **21.600 часа** во периодот 01.01.-15.03.2024 година што е за 288 часа повеќе од изработените работни часови во истиот период во 2023 година кога изнесувале **21.312 часа.**

Кај часовите на ангажирање на механизацијата за извршување на активностите околу Зимската служба за набљудуваниот период во 2024 година изнесува **6.480,00 часа** и се поголеми за 86,40 часа во однос на истиот период во 2023 година кога часовите на ангажирање на работна рака изнесувале **6.393,60 часа.**

Часовите на ангажирање на механизацијата и работната рака при Зимското одржување на сообраќајниците во потполност се зависни од временските услови и потребите за интервенција на терен.

Во периодот 01.01.-15.03.2024 година вградени се **180,50** тони ладен асфалт, а во периодот 01.01.-15.03.2023 година вградени се **147,50 тони** ладен асфалт што покажува дека во 2024 година вградени се 33 тони ладен афалт повеќе во споредба со претходната година.

Овие анализи за првата половина од 2024 година се прикажани во следната табела:

| Реден број | Месеци | Механизација | Работна рака | Ладен асфалт |
|---|---|---|---|---|
| | 2024 | час | час | тон |
| | **ЈАНУАРИ** | | | |
| **1.** | Учество на механизација и работна рака за интервенции | 2.678,40 | 8.928,00 | |
| | **ФЕВРУАРИ** | | | |
| **1.** | Учество на механизација и работна рака за интервенции | 2.505,60 | 8.352,00 | |
| | **МАРТ** | | | |
| **1.** | Учество на механизација и работна рака за интервенции | 1.296,00 | 4.320,00 | 180,50 |
| | **ВКУПНО:** | **6.480,00** | **21.600,00** | **180,50** |

## 2.2 ДРУГИ ИНВЕСТИТОРИ

Што се однесува до работењето со други инвеститори, во првата половина на 2024 година вградени се 1.168,60 тони асфалт (крпажа) и 9,32 м2 асфалт. За истиот период минатата година вградени се 28,60 тони асфалт (крпажа).

| Реден број | Месец | Асфалт | Асфалт |
|---|---|---|---|
| | 2024 | м2 | тон |
| | МАЈ | | |
| 1. | ДПУ Мурал | 9,32 | |
| 2. | Електро коп | | 6,00 |
| 3. | Ленди Груп Дооел | | 1.099,60 |
| 4. | Гама Градба | | 53,00 |
| 5. | Јас Пром | | 10,00 |
| | **ВКУПНО:** | **9,32** | **1.168,60** |

# 3 ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ (за период 01.01.-30.06.2024 г.)

Во периодот 01.01.-30.06.2024 година ЈП „Улици и патишта"-Скопје има остварени вкупни приходи во износ од **128.308.363,00 ден** и вкупни расходи во износ од **185.275.085,00 ден.** Како резултат на помали приходи од расходи во набљудуваниот период остварена е **загуба** од работењето во износ од **56.966.722,00 ден.**

Во истиот период 2023 година остварените вкупни приходи се во износ од **76.261.243,00,00 ден**, вкупните расходи за истиот период изнесувале **116.419.229,00 ден** и остварена е загуба во износ од **40.157.986,00 ден**.

Во следната табела ќе бидат прикажани приходите, расходите и добивката кои се реализирани во 2024 и 2023 година за период 01.01.-30.06.

| ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ | 01.01.-30.06.2024 | 01.01.-30.06.2023 | Индекс |
|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1/2 |
| **Вкупни приходи** | 128.308.363,00 | 76.261.243,00 | 1,68 |
| **Вкупни расходи** | 185.275.085,00 | 116.419.229,00 | 1,59 |
| **Добивка/загуба** | **-56.966.722,00** | **-40.157.986,00** | **1,42** |

Во Табела се прикажани реализираните приходи, расходи и остварената добивка/загуба за првото и второто тромесечие во 2024 година:

| ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ | 01.01.-31.03.2024 | 01.04.-30.06.2024 | Индекс |
|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 2/1 |
| Вкупни приходи | 85.569.705,00 | 42.738.658,00 | 0,50 |
| Вкупни расходи | 65.663.061,00 | 119.612.024,00 | 1,82 |
| **Добивка** | **19.906.644,00** | **-76.873.366,00** | **-3,86** |

Споредено по тромесечија, во второто тромесечие вкупните приходи се помали за 42.831.047,00 денари, а вкупните расходи во второто тромесечие се поголеми за 53.948.963,00 денари. Во второто тромесечие остварена е загуба во износ од 76.873.366,00 денари, а во првото тромесечие остварена е добивка во износ од 19.906.644,00 денари.

**ВКУПНИ ПРИХОДИ**

Во периодот 01.01.-30.06.2024 година реализирани се вкупни приходи во износ од **128.308.363,00 денари.** Овој износ на вкупни приходи е поголем од износот на вкупните приходи реализирани во истиот период во 2023 година (76.261.243,00 денари) за 52.047.120,00 денари односно за 68 **%**.

Реализираните приходи по разни основи во период 01.01.-30.06.2024 година споредени со реализираните приходи во период 01.01.-30.06.2023 година се прикажани во следната табела преку индексни показатели:

| Ред. број | Опис | 01.01.-30.06.2024 | 01.01.-30.06.2023 | Индекс 24/23 |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Град Скопје | 108.379.312,00 | 69.531.340,00 | 1,56 |
| **2.** | Други инвеститори | 5.285.122,00 | 165.888,00 | 31,86 |
| **3.** | Останати приходи | 14.643.929,00 | 6.564.015,00 | 2,23 |
| | **Вкупно:** | **128.308.363,00** | **76.261.243,00** | **1,68** |

Од табелата се забележува дека постои зголемување на приходите реализирани по налог на Град Скопје во период 01.01.-30.06.2024 година (108.379.312,00) за 38.847.972,00 денари (индекс 1,56) во споредба со приходите реализирани по налог на Град Скопје за истиот период во 2023 година кога изнесувале 69.531.340,00денари.

Приходите реализирани по налог на други инвеститори во период 01.01.-30.06.2024 година (5.285.122,00 денари) се зголемени за 5.119.234,00 денари во споредба со приходите реализирани по налог на други инвеститори во период 01.01.-30.06.2023 година кога изнесувале 165.888,00 денари.

Останатите приходи кои ги има реализирано ЈП Улици и патишта во период 01.01.-30.06.2024 година изнесуваат 14.643.929,00 денари и се зголемени за 8.079.914,00 денари или за скоро 2,5 пати споредено со останатите приходи во период 01.01.-30.06.2023 кога изнесувале 6.564.015,00 денари.

Процентуалното учество на приходите на ЈП „Улици и патишта"-Скопје според изворот на финансирање во вкупните приходи за период 01.01.-30.06.2024 се прикажани во графиконот кој следи:




## 4 БИЛАНС НА УСПЕХ (Извештај за добивка или загуба за период 01.01.-30.06.2024 г.)

**А.ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО**

**А1.Приходи од продажба**

**Приходите од продажба** во периодот 01.01.-30.06.2024 година во износ од **113.664.734,00 ден** се зголемени во однос на оние остварени истиот период во 2023 година (**69.697.228,00 ден**) за **43.967.206,00 ден** (индекс 1,63 или зголемени се за 63%) и се однесуваат на приходи по основ на активности поврзани со: одржување на сообраќајници во зимски услови, машинско сечење на асфалт, раскопување асфалт, ископ, утовар и превоз на ископан материјал, санација на коловозна и тротоарска површина со асфалтна маса, изградба на коловоз и тротоар од асфалт, редење на рабници, демонтирање и монтирање на столбчиња, одржување на светлосна сигнализација, поставување на сообраќајни знаци, рачно и машинско обележување на сообраќајници,чистење на диви депонии на подрачјето на Град Скопје, поставување и фарбање на огради и други приходи.

**Град Скопје**

Во периодот 01.01.-30.06.2024 година најголем дел од приходите од продажба се остварени од работењето со Град Скопје и тоа **108.379.312,00 ден** и се за **38.847.972,00 ден** (56%) поголеми од приходите остварени од овој инвеститор во истиот период 2023 г (**69.531.340,00 ден**).

Структурата на приходите остварени од работењето со Градот Скопје во анализираниот период се прикажани во табелата која следи:

| Ред. Бр. | Приходи според дејноста | 01.01.-30.06.2024 | 01.01.-30.06.2023 | Индекс 24/23 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Зимско одржување на сообраќајници | 21.889.385,00 | 19.180.800,00 | 1,14 |
| 2. | Летно одржување на сообраќајници, изградба и др. | 72.564.799,00 | 34.519.774,00 | 2,10 |
| 3. | Хоризонтална и вертикална сигнализација | 7.320.977,00 | 5.866.060,00 | 1,25 |
| 4. | Светлосна сигнализација | 4.984.719,00 | 6.486.296,00 | 0,77 |
| 5. | Сообраќајни проекти | | | |
| 6. | Чистење на кеј на р.Вардар | 1.619.432,00 | 3.478.410,00 | 0,47 |
| | **Вкупно:** | **108.379.312,00** | **69.531.340,00** | **1,56** |

**Други инвеститори**

Приходи од продажба се остварени и од работење со други правни лица во износ од **5.285.122,00 ден** за период 01.01.-30.06.2024 г. и овој вид на приходи се поголеми за 5.119.234,00 ден од истите приходи остварени во првото шестомесечие во 2023 година кога изнесувале **165.888,00 ден.**

**А2.Останати приходи**

**Останати приходи** во периодот од 01.01.-30.06.2024 година изнесуваат **14.311.346,00 ден**, а во периодот од 01.01.-30.06.2023 година изнесуваат **6.564.015,00 ден** односно се зголемени за **7.747.331,00 ден.** (за скоро 2,2 пати).

Во следната табела ќе бидат прикажани останатите приходи од работењето во ЈП Улици и патишта Скопје кои се реализирани во 2024 и 2023 г за период 01.01.-30.06.:

| **Останати приходи** | 01.01.-30.06.2024 | 01.01.-30.06.2023 | Индекс 24/23 |
|---|---|---|---|
| Приходи од субвенции за работници | | | |
| Приходи од претходно одложени приходи | 13.046.523,00 | 6.417.456,00 | 2,03 |
| Дополнително утврдени приходи од поранешни години, приходи од наплата на утужени побарувања, административни такси и др. | 222.634,00 | 146.559,00 | 1,52 |
| Приходи од позитивни курсни разлики | 2.062,00 | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Приходи од вредносно усогласување | 1.040.127,00 | | |
| **Вкупно:** | **14.311.346,00** | **6.564.015,00** | **2,18** |

**А3. Финансиски приходи**

Финансиски приходи се приходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва и во период од 01.01.-30.06.2024 г. изнесуваат **332.583,00** денари, а во истиот период во 2023 г не се реализирани финансиски приходи.

## Б.РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Вкупните расходи од работењето на ЈП Улици и патишта - Скопје во периодот од 01.01.-30.06.2024 г. изнесуваат **185.275.085,00 ден,** а во периодот од 01.01.-30.06.2023 г. изнесувале **116.419.229,00 ден ден** односно вкупните расходи за период 01.01.-30.06.2024 г. се зголемени за 59 % во однос на вкупните расходи за истиот период во 2023 година (индекс 1,59).

Расходите од работењето на ЈП Улици и патишта Скопје ги сочинуваа сите трошоци направени во текот на оперативното работење и се прикажани во табелата која следи:

| **РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **01.01.-30.06.2024** | **01.01.-30.06.2023** | **индекс** |
|---|---|---|---|
| **Трошоци за суровини и други материјали** | | | |
| Трошоци за суровини и материјали | 41.016.749,00 | 14.361.560,00 | 2,86 |
| Трошоци за енергија | 8.076.325,00 | 6.920.128,00 | 1,17 |
| Трошоци за резервни делови | 1.386.522,00 | 1.066.372,00 | 1,30 |
| Трошоци за ситен инвентар, автогуми | 291.973,00 | 192.883,00 | 1,51 |
| **ВКУПНО** | **50.771.569,00** | **22.540.943,00** | **2,25** |
| **Расходи од услуги со карактер на материјални трошоци** | | | |
| Трошоци за поштенски услуги, телефонски услуги и интернет | 634.925,00 | 459.662,00 | 1,38 |
| Услуги за одржување | 618.010,00 | 1.076.168,00 | 0,57 |
| Наемнини | 358.600,00 | 760.500,00 | 0,47 |
| Комунални услуги | 66.755,00 | 33.024,00 | 2,02 |
| Останати услуги | 27.903.285,00 | 9.689.940,00 | 2,88 |
| **ВКУПНО** | **29.581.575,00** | **12.019.294,00** | **2,46** |
| **Трошоци за вработени** | **80.258.061,00** | **69.482.805,00** | **1,16** |
| **Амортизација на материјални и нематеријални средства** | **6.209.742,00** | **4.769.357,00** | **1,30** |
| **Нематеријални расходи** | **12.259.713,00** | **5.575.266,00** | **2,20** |
| **Останати расходи** | **6.048.268,00** | **19,183,00** | **315,29** |
| **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Расходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва | 7.179,00 | 14,639,00 | 0,49 |
| Останати финансиски расходи | 138.978,00 | 1.997.742,00 | 0,07 |
| **ВКУПНО ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | **146.157,00** | **2,012,381,00** | **0,07** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **185.275.085,00** | **116.419,229,00** | **1,59** |

**Б1.ТРОШОЦИ ЗА МАТЕРИЈАЛИ**

**Трошоци за суровини и други материјали:**

**-Трошоци за суровини и материјали** опфаќаат потрошени материјали за производство на асфалт (битумен, ризла и екстра лесно гориво), потрошени материјали за светлосна сигнализација, потрошени материјали за хоризонтална и вертикална сигнализација (боја, сообраќајни знаци и сл.), потрошени материјали за одржување и чистење, потрошени средства за заштита при работа, потрошен канцелариски материјал, потрошен материјал за тековно одржување, потрошен материјал за чистење и одржување, потрошена хтз опрема. Овие трошоци во период 01.01.-30.06.2024 година изнесуваат **41.016.749,00 ден** и се поголеми од истите во период 01.01.-30.06.2023 година за 26.655.189,00 ден кога изнесувале **14.361.560,00 ден** односно има зголемување за скоро 3 пати (индекс 2,86).

**-Трошоци за енергија** се однесува на потрошена нафта, потрошени масла и мазива, потрошена електрична енергија, потрошена топлотна енергија и потрошено гориво за службените возила на ЈП "Улици и патишта" – Скопје. Овие трошоци во период 01.01.-30.06.2024 г изнесуваат **8.076.325,00 ден** и се поголеми од истите во период 01.01.-30.06.2023 г кога изнесувале **6.920.128,00 ден** за 1.156.197,00 денари – зголемени се за 17% (индекс 1,17)

**-Трошоци за резервни делови** се однесуваат на потрошени резервни делови за тековно одржување на возилата на ЈП Улици и патишта, други потрошени резервни делови. Овие трошоци во период 01.01.-30.06.2024 г изнесуваат **1.386.522,00 ден** и се зголемени за 320.150,00 ден од истите во период 01.01.-30.06.2023 г кога изнесувале **1.066.372,00** ден или зголемени се за 30 % (индекс 1,30).

**-Трошоци за ситниот инвентар** се однесува на отписот на ситен инвентар на залиха, отпис на ситен инвентар во употреба и отпис на авто гуми. Овие трошоци во период 01.01.-30.06.2024 г изнесуваат **291.973,00 ден** и се зголемени од истите во период 01.01.-30.06.2023 г за 99.090,00 ден кога изнесувале **192.883,00 ден** односно има зголемување за 51% (индекс 1,51).

Вкупните трошоци за суровини и материјали во период 01.01.-30.06.2024 година изнесуваат **50.771.569,00 ден** и се поголеми за 28.230.626,00 денари (2,25 пати) од вкупните трошоци за суровини и материјали во период 01.01.-30.06.2023 година кога изнесувале **22.540.943,00 денари.**

**Услуги со карактер на материјални трошоци:**

**-Трошоци за поштенски услуги, телефонски услуги и интернет** се однесуваат на трошоци за телефонски услуги, трошоци за користење на мобилна телефонија и трошоци за поштенски услуги. Овие трошоци во период 01.01.-30.06.2024 г изнесуваат **634.925,00 ден** и се поголеми од истите во период 01.01.-30.06.2023 г за 175.263,00 денари (38 %) кога изнесувале **459.662,00 ден** (индекс 1,38).

**-Услуги за одржување** се однесуваат на услуги за обезбедување и одржување на Асфалтна база, услуги за одржување на основни средства – транспортни и патнички возила и машини и други услуги за одржување. Овие трошоци во период 01.01.-30.06.2024 г изнесуваат **618.010,00 ден** и се помали од истите во период 01.01.-30.06.2023 г за 458.158,00 ден кога изнесувале **1.076.168,00 ден** односно има намалување за 43 % (индекс 0,57).

**-Наемнини** се однесува на трошоци за изнајмување на транспортни и специјални возила. Овие трошоци во период 01.01.-30.06.2024 г изнесуваат **358.600,00 ден** и се помали од истите во период 01.01.-30.06.2023 г за 401.900,00 денари (намалени се за 53 %) кога изнесувале **760.500,00** ден (индекс 0,47).

**-Комунални услуги** се однесуваат на трошоци за вода, трошоци за изнесување и собирање на смет, трошоци за гаражирање на возила и во периодот од 01.01.-30.06.2024 г изнесуваат **66.755,00 ден** и се поголеми од истите во период 01.01.-30.06.2023 г за 33.731,00 ден кога изнесувале **33.024,00 денари** (индекс 2,02 или зголемени се за два пати).

**-Останати услуги** се однесуваат на извршување на градежно – занаетски работи, чистење на корито р. Вардар и нејзините притоки, трошоци за регистрација и други услуги и во периодот 01.01.-30.06.2024 г. изнесуваат **27.903.285,00 ден** и се поголеми од истите во период 01.01.-30.06.2023 г. за 18.213.345,00 ден кога изнесувале **9.689.940,00 ден.** (индекс 2,88 или зголемени се за скоро 3 пати).

Вкупните трошоци од **Услуги со карактер на материјални трошоци** во период 01.01.-30.06.2024 г изнесуваат **29.581.575,00 ден** и се поголеми за 17.562.281,00 ден од вкупните трошоци од услуги со карактер на материјални трошоци во период 01.01.-30.06.2023 г кога изнесувале **12.019.294,00 ден** односно зголемени се за скоро 2,5 пати (индекс 2,46) и тоа како резултат на зголемување на групата трошоци Останати услуги.

**Б2.АМОРТИЗАЦИЈА**

За периодот 01.01.-30.06.2024 г. пресметана е амортизација на материјалните и нематеријалните средства во износ од **6.209.742,00 ден**, а за периодот 01.01.-30.06.2023 г. пресметана е амортизација на материјалните и нематеријалните средства во износ од **4.769.357,00 ден**.

**Б3. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ**

Вкупните трошоци за вработени во периодот од 01.01.-30.06.2024 г изнесуваат **80.258.061,00 ден** и се поголеми од вкупните трошоци за вработени во истиот период во 2023 г за 10.775.256,00 ден кога изнесувале **69.482.805,00 ден** (индекс 1,16 односно има зголемување за 16 %). Трошоци за вработени кои ги има направено ЈП Улици и патишта се по основ на трошоци за бруто плата, трошоци за отпремнина при заминување во пензија, помош во случај на смрт на член од семејство, трошоци за дневници за службен пат во странство, трошоци за образование и усовршување на вработените и сл.

**Трошоци за бруто плати**

Трошоците за бруто плати за односниот период 2024 г изнесуваат **79.735.006,00 ден** и се за 10.715.288,00 ден поголеми во однос на истиот период 2023 г. кога изнесувале **69.019.718,00 ден.** (индекс 1,16 или има зголемување за 16%).

Вкалкулираните бруто плати ги опфаќаат: нето платите, надомести од личен доход за боледување, државен празник и годишен одмор, персоналниот данок од плати и придонесите за: здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и придонес за вработување.

**Останати трошоци за вработени**

Останати трошоци за вработени по основ на трошоци за отпремнина при заминување во пензија, помош во случај на смрт на член од семејство, трошоци за дневници за службен пат во странство, трошоци за образование и усовршување на вработените и сл. во периодот од 01.01-30.06.2024 г. изнесуваат **523.055,00 ден,** а

во 01.01-30.06.2023 г. изнесуваат **463.087,00 ден** односно се зголемени за 59.968,00 ден (индекс 1,13 односно има зголемување за 13 %).

## Б4. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО

**Останати трошоци од работењето** се трошоците за надомест за членовите на УО и НО, трошоци за репрезентација, трошоци за премии за осигурување, трошоци за платен промет, трошоци за членарини на стопански комори, трошоци за административни такси, трошоци за правни, адвокатски и нотарски услуги, трошоци за услуги за ревизија и проценка, преписи и преводи, вештачење, интелектуални услуги, трошоци за дневен печат, стручни списанија, судски трошоци, трошоци за извршители, трошоци за огласување, премии за осигурување на градежни објекти, премии за осигурување на транспортни средства и сл.

Останатите трошоци од работењето на ЈП Улици и патишта Скопје во периодот од 01.01.-30.06.2024 г. изнесуваат **18.307.981,00 денари** и се поголеми за 12.713.532,00 ден од истиот вид на трошоци во периодот од 01.01.-30.06.2023 г. кои изнесувале **5.594.449,00 ден** (индекс 3,27 или се зголемени за 3,27 пати). Овие трошоци од работењето подетално се прикажани во следната табела:

| ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 2024 | 2023 | Индекс 24/23 |
|---|---|---|---|
| **Трошоци за надомест на членови на УО и НО** | 880.008,00 | 880.008,00 | 1 |
| **Трошоци за репрезентација** | 106.796,00 | 85.193,00 | 1,25 |
| **Трошоци за премии за осигурување на градежни објекти и транспортни средства** | 657.333,00 | 478.055,00 | 1,38 |
| **Трошоци за платен промет во земјата и странство** | 70.631,00 | 74.581,00 | 0,95 |
| **Членарини на стопански комори, административни такси, царини и останати давачки и сл.** | 643.124,00 | 45.803,00 | 14,04 |
| **Трошоци за интелектуални услуги** | 100.000,00 | | |
| **Правни, адвокатски и нотарски услуги** | 2.681.639,00 | 1.100.634,00 | 2,44 |
| **Услуги за ревизија и проценка** | 10.500,00 | 157.200,00 | 0,07 |
| **Услуги за преписи и преводи** | | 44.067,00 | |
| **Услуги за вештачење** | 10.000,00 | 73.334,00 | 0,14 |
| **Услуги по договор за дело** | 5.463.577,00 | 1.876.854,00 | 2,91 |
| **Останати трошоци** | 14.722,00 | 36.700,00 | 0,40 |
| **Трошоци за претплата на стручни списанија** | 23.690,00 | 14.190,00 | 1,67 |
| **Судски трошоци** | 1.221.530,00 | 368.085,00 | 3,32 |
| **Трошоци за извршители** | 239.297,00 | 258.023,00 | 0,93 |
| **Трошоци за огласување** | 136.866,00 | 81.835,00 | 1,67 |
| **Останати трошоци на работењето** | | 704,00 | |
| **Надомест на штети на физички лица** | 194.003,00 | | |
| **Трошоци од минати години** | 5.854.265,00 | 19.183,00 | |
| **ВКУПНО** | **18.307.981,00** | **5.594.449,00** | 3,27 |

**Б5.ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ**

**Финансиски расходи** се ги сочинуваат расходите од затезни камати за ненавремено плаќање на обврски кон добавувачи, а во помал дел по основ на курсни разлики.

Вкупните финансиските расходи од работењето на ЈП Улици и патишта Скопје за периодот од 01.01.-30.06.2024 г изнесуваат **146.157,00 ден** и се помали за 1.866.224,00 ден од вкупните финансиски расходи за периодот од 01.01.-30.06.2023 г кои изнесуваат **2.012.381,00 ден** (индекс 0,07 има намалување за 93%).

## 5 БИЛАНС НА СОСТОЈБА (Извештај за финансиска состојба)

**АКТИВА**

**А.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** во периодот 01.01.-30.06.2024 г изнесуваат **59.500.806,00 ден.**
Тие се состојат од нематеријални средства (1.443.994,00 ден), материјални средства (57.371.822,00 ден) и долгорочни финансиски средства (684.990,00 ден) односно вкупно **59.500.806,00,00 ден.**

**А1.НЕМАТЕРИЈАЛНИ И МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА**

Нематеријалните средства во периодот од 01.01.-30.06.2024 г изнесуваат **1.443.994,00 ден,** а во периодот од 01.01.-30.06.2023 г изнесуваат **1.899.469,00 ден** односно има намалување за 455.475,00 ден.

Материјалните средства во периодот 01.01.-30.06.2024 г изнесуваат **57.371.822,00 ден,** а во периодот од 01.01.-30.06.2023 г изнесуваат **44.749.124,00 ден** односно има зголемување за 12.622.698,00 ден.

**А2.ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

Долгорочните финансиски вложувања на 30.06.2024 г. изнесуваат **684.990,00 денари** исто како и на 30.06.2023 г.

**Б.ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** во периодот 01.01.-30.06.2024 г ги сочинуваат залихи **(10.785.759,00 денари),** краткорочни побарувања (**289.287.661,00 ден**), краткорочни финансиски средства (**598.000,00 ден**), парични средства и парични еквиваленти (**141.564,00,00 ден**) односно вкупно **300.812.985,00 ден.**

**Б1.ЗАЛИХИ**

Залихите на суровини и материјали на 30.06.2024 година изнесуваат **10.785.759,00 денари** и се намалени **за 18.600.143,00 ден** во споредба со залихите на 30.06.2023 година кога изнесувале **29.385.902,09** (индекс 0,37 или намалени се за 37%) што укажува на подобро планирање на залихите. Во следната табела се прикажани финансиските показатели за залихите во првото шестомесечие во 2024 споредбено со финансиските показатели на залихите првото шестомесечие во 2023 година:

***Табела 8***

| ЗАЛИХИ | 01.01.-30.06.2024 | 01.01.-30.06.2023 | Индекс 24/23 |
|---|---|---|---|
| Залихи на суровини и материјали | 7.337.773,00 | 24.675.031,00 | 0,30 |
| Залиха на резервни делови | 1.753.968,00 | 2.314.666,00 | 0,76 |
| Залиха на ситен инвентар | 1.276.257,00 | 1.936.542,00 | 0,66 |
| Ситен инвентар во употреба | 592.084,00 | 565.741,00 | 1,05 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Залиха на автогуми | 417.761,00 | 459.663,00 | 0,91 |
| Вредносно усогласување на залихите на ситен инвентар, амбалажа и автогуми | -592.084,00 | -565.741,00 | 1,05 |
| **ВКУПНО** | **10.785.759,00** | **29.385.902,00** | **0,37** |

Суровини и материјали на залиха се состојат од залиха на: материјали на асфалтна база – битумен, сепариран варовник, нафта, материјали за хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација – боја, сообраќајни знаци и слично, материјали за светлосна сигнализација – кабли, лантерни, сијалици и слично, материјали за тековно одржување, канцелариски материјали, средства за заштита при работа и други суровини и материјали.

Резервни делови на залиха се однесуваат на резервни делови во склад.

Ситен инвентар на залиха се однесува на ситниот инвентар и ХТЗ опремата ставена на залиха.

Ситен инвентар во употреба се однесува на специјален и универзален алат даден во употреба.

Амбалажа и автогуми на залиха ги опфаќаат автогумите на залиха.

Вредносно усогласување на залихите на ситниот инвентар, амбалажата и автогумите се однесува на исправка на вредноста на ситен инвентар.

**Б2.КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА** се побарувањата од купувачи, побарувањата за дадени аванси на добавувачи, побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина и сл., останати краткорочни побарувања кои во периодот 01.01.-30.06.2024 година изнесуваат **289.287.661,00** денари, а во период 01.01.-30.06.2023 година изнесувале **264.753.015,00** ден.

**Б2.1.ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ**

Побарувањата по основ на продажба за периодот 01.01.-30.06.2024 година изнесуваат **267.040.305,00 денари**, а за периодот 01.01.-30.06.2023 – **245.885.189,00 денари** и истите се зголемени **за 21.155.116,00 денари** (индекс 1,09 или зголемени се за 9 %). Во следната табела подетално се прикажани побарувањата по видови:

***Табела 9***

| **Опис** | **01.01.-30.06.2024** | **01.01.-30.06.2023** | **Индекс 24/23** |
|---|---|---|---|
| Купувачи во земјата | 226.787.569,00 | 205.632.452,00 | **1,10** |
| Утужени побарувања | 18.279.329,50 | 19.314.329,50 | **0,95** |
| Спорни застарени побарувања –пред 2010 година. | 40.252.736,00 | 40.252.736,00 | **1,00** |
| Вредносно усогласување на побарувањата | -18.279.329,50 | -19.314.329,50 | **0,95** |
| **ВКУПНО:** | **267.040.305,00** | **245.885.189,00** | **1,09** |

Побарувањата од купувачи во земјата се однесуваат на побарувања по основ на санација на коловозна и тротоарска површина со асфалтна маса, коловоз од асфалт, тротоар од асфалт, машинско сечење на асфалт, раскопување асфалт, ископ, утовар и превоз на ископан материјал, редење на ивичњаци, демонтирање и

монтирање на столбчиња, поставување на сообраќајни знаци, обележување на сообраќајници,одржување на светлосна сигнализација, поставување и фарбање на огради, одржување на сообраќајници во зимски услови и сл.

Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите се однесуваат на вредносното усогласување на побарувањата – ненаплатени утужени побарувања.

**Б2.2.ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ** за периодот 01.01.-30.06.2024 година изнесуваат **3.836.019,50** ден., а во периодот 01.01.-30.06.2023 изнесуваат **3.837.160,50 ден.**

**Б2.3.ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВАТА ПО ОСНОВ НА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ, ЦАРИНИ И СЛ.**

Побарувања по основ на данок на додадена вредност во периодот од 01.01.-30.06.2024 година изнесуваат **17.701.257,00 ден** и се за 2.716.458,00 денари поголеми во споредба со побарувањата по основ на данок во периодот од 01.01.-30.06.2023 година кога изнесувале **14.984.799,00 денари.** Ова се вид на тековни побарувања по основ на влезен данок за додадена вредност.

Во периодот од 01.01.-30.06.2024 побарувањата за повеќе платен данок на добивка изнесуваат **672.909,00** денари, а од 01.01.-30.06.2023 година побарувањата по основ на повеќе платен персонален данок изнесуваат **561,00 денари**.

**Б2.4. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА** се побарувањата од вработените кои во период 01.01.-30.06.2024 година изнесуваат **37.171,50 денари,** а за периодот од 01.01.-30.06.2023 год изнесуваат **45.307,00 денари** односно намалени се за 8.135,00 денари. Останати краткорочни побарувања се побарувања од вработените и останати неспоменати краткорочни побарувања се однесуваат на побарувања од вработените по основ на надминат лимит на мобилен телефон, по основ на исплатени материјални трошоци од благајна и сл.

**Б2.5.КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** се побарувањата по дадени заеми и во периодот од 01.01.-30.06.2024 година изнесуваат **598.000,00** денари, исто како и во периодот 01.01.-30.06.2023 г. Овие заеми се дадени на Синдикатот на Јавното претпријатие.

**Б2.6.ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ** се паричните средства во благајна и на сметките на ЈП Улици и патишта – Скопје во деловните банки кои на 30.06.2024 година се во износ од **141.564,00 денари,** а на 30.06.2023 година изнесувале **12.542.895,00** ден.

| Опис | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Парични средства на трансакциони сметки | 121.692,00 | 12.523.609,00 |
| Парични средства во благајна | 19.872,00 | 19.286,00 |
| **ВКУПНО** | **141.564,00** | **12.542.895,00** |

**Б2.7.ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ИДНИ ПЕРИОДИ**

По овој основ за периодот 01.01.-30.06.2024 г. не се пресметани однапред платени трошоци исто како во истиот период во 2023 г не се пресметани однапред платени трошоци за премии за осигурување.

**ВКУПНАТА АКТИВА** во период 01.01.-30.06.2024 година изнесува **360.313.791,00 ден.**

**ПАСИВА**

**А.ОСНОВНА ГЛАВНИНА**

Капиталот во износ од **23.185.342,00 денари** на 30.06.2024 г. е на исто ниво како и на 30.06.2023 г. и ги претставува сопствените трајни извори на средства за работење на Јавното претпријатие "Улици и патишта" - Скопје. Капиталот може да се користи за покривање на загубата, доколку резервите не се доволни за тоа.

**А1. РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА и разлики од вреднување на компоненти на останата сеопфатна добивка**

Ревалоризациска резерва на 30.06.2024 г. изнесува **87.853,00 денари** исто како и на 30.06.2023 г. и претставува резултат - ефект од ревалоризацијата на нематеријалните и материјалните средства од минати години.

**А2. РЕЗЕРВИ**

Резервите на 30.06.2024 г. изнесуваат **2.318.534,00 денари** исто како и на 30.06.2023 г. и се формирани од остварената нето добивка и распоредената ревалоризациона резерва. Резервите можат да се употребат за покривање на загуба, штета од елементарни непогоди, а во случаи на инсолвентност може да се употребат за исплата на достасани обврски спрема добавувачи, исплата на плати и други обврски.

**А3. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА** во период 01.01-30.06.2024 година изнесува **123.537.623,27 денари**, а во период 01.01.-30.06.2023 година изнесува **185.883.770,00 денари.**

**А4. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА** Јавното претпријатие "Улици и патишта"- Скопје на 30.06.2024 година го завршува своето работење со негативен финансиски резултат – загуба во износ од **56.962.572,00 денари**, а на 30.06.2023 година загуба е во износ од **40.157.986,00 денари**

**Б.ОБВРСКИ**

**КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** се обврски спрема добавувачи, обврски за аванси депозити и кауции, обврски кон вработените, тековни даночни обврски и останати краткорочни обврски.

**Б1. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ И ОБВРСКИ ЗА АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ**

Обврските кон добавувачите за периодот 01.01.-30.06.2024 година изнесуваат **239.515.158,40 ден се поголеми за 84.720.348,00 денари (индекс 1,55)** од обврските кон добавувачите за периодот 01.01.-30.06.2023 година кога изнесувале **154.794.810,40** и се состојат од:

| опис | 2024 | 2023 | индекс |
|---|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 229.143.226,40 | 138.995.581,40 | 1,65 |
| Обврски спрема добавувачи во странство | 9.364.296,00 | 14.791.593,00 | 0,63 |
| Обврски за примени аванси | 1.007.636,00 | 1.007.636,00 | 1,00 |
| **ВКУПНО** | **239.515.158,40** | **154.794.810,40** | **1,55** |

Обврски спрема добавувачи се однесуваат на неизмирени обврски кон добавувачите за набавка на основни средства, материјали и стоки, како и добавувачите на услуги.

**Б2.ОБВРСКИ КОН ВРАБОТЕНИТЕ** во период 01.01.-30.06.2024 година изнесуваат **18.109.620,50** денари и се состојат од пресметана плата за м.06/2024 во износ 15.308.799,50 денари (исплатена во 07/24) и дел заостанати неплатени придонеси од плата за 2005 г. во износ 2.800.821,00 денари и останати обврски спрема вработени 0,00 денари.

**Б3.ТЕКОВНИ ДАНОЧНИ ОБВРСКИ** во период 01.01.-30.06.2024 година изнесуваат **6.266.654,50 денари,** а во период 01.01.-30.06.2023 година изнесуваат **5.984.973,50 ден.**

**Б4.ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** во период 01.01.-30.06.2024 година изнесуваат **132.000,00 ден,** а во период 01.01.-30.06.2023 година изнесуваат **132.000,00 ден.**

**Б5.ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)**

Одложените плаќања на трошоците за период 01.01.-30.06.2024 година изнесуваат **6.481.705,00 ден** и се поголеми за 31,249,00 ден од одложените плаќања на трошоците за 01.01.-30.06.2023 година изнесуваат **6.450.456,00 ден**, а Одложено признавање на приходи (субвенции за основни средства и за ЦУКС) во износ од 2.206.340,00 денари.

**ВКУПНА ПАСИВА** во период 01.01.-30.06.2024 г. изнесува **360.313.791,00 ден.**

# 6 ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ЗА ПЕРИОД ОД АПРИЛ ДО ЈУНИ 2023 ГОДИНА

| ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ | 01.04.-30.06.2024 | 01.04.-30.06.2023 | Индекс |
|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1/2 |
| **Вкупни приходи** | 42.738.658,00 | 56.640.116,00 | 0,75 |
| **Вкупни расходи** | 119.612.024,00 | 61.737.663,00 | 1,94 |
| **Добивка/загуба** | **-76.873.366,00** | **-5.097.547,00** | **15,08** |

## 6.1 ВКУПНИ ПРИХОДИ (АПРИЛ ДО ЈУНИ 2024 Г.)

Вкупните приходи остварени за периодот од април до јуни 2024 година изнесуваат **42.738.658,00** денари и се за 13.901.458,00 ден помали од приходите остварени за истиот период 2023 г. кога изнесувале **56.640.116,00** ден.

Реализираните приходи по разни основи за периодот од април до јуни 2024 и 2023 година се прикажани во следната табела преку индексни показатели:

| Ред. број | Опис | Април -Јуни 2024 | Април-Јуни 2023 | Индекс 24/23 |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Град Скопје | 27.422.825,00 | 52.411.414,00 | 0,52 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | Други инвеститори | 5.285.122,00 | 165.888,00 | 31,86 |
| **3.** | Останати приходи | 10.030.711,00 | 4.062.814,00 | 2,47 |
| | **Вкупно:** | **42.738.658,00** | **56.640.116,00** | **0,75** |

Учеството на поедини видови на приходи во вкупните приходи за подобра визуелна презентација на податоците е прикажано во следниот графикон:

**ПРИХОДИ ЗА ПЕРИОД ОД АПРИЛ ДО ЈУНИ 2024 ГОДИНА**




Вкупните приходи кои се реализирани во периодот од април до јуни 2024 година година се составени од приходи по налог на Град Скопје (64.16 %), приходи по налог на Други инвеститори (12.37%) и останати приходи (23.47%).

## 6.2 ВКУПНИ РАСХОДИ (АПРИЛ ДО ЈУНИ 2024 Г.)

Вкупните расходи за периодот 01.04.-30.06.2024 г. се во износ од **119.612.024,00 денари** и се за **57.874.361,00 денари** помали од расходите за истиот период во 2023 г. кога вкупните расходи изнесуваат **61.737.663,00 денари.**

Расходите за периодот од април до јуни во 2024 година и расходите за периодот од април до јуни во 2023 година се прикажани во следната табела:

***Табела 5***

| Реден број | Видови трошоци | 01.04.-30.06.2024 | 01.04.-30.06.2023 | Индекс 24/23 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Материјални трошоци | 65.892.325,00 | 22.170.183,00 | 2,97 |
| 2. | Нематеријални трошоци | 7.547.406,00 | 3.363.513,00 | 2,24 |
| 3. | Трошоци за вработени | 40.500.821,00 | 35.776.594,00 | 1,13 |
| 4. | Останати расходи | 5.671.472,00 | 427.373,00 | 13,27 |
| | **Вкупно:** | **119.612.024,00** | **61.737.663,00** | **1,94** |

Од изнесените податоци погоре во Извештајот за период од април до јуни 2024 година можат да се извлечат следниве заклучоци:

1. **Вкупните приходи** остварени за периодот од април до јуни 2024 година изнесуваат **42.738.658,00** денари и се за 13.901.458,00 ден помали за 48% од приходите остварени за истиот период 2023 г. кога изнесувале **56.640.116,00 ден.**
2. Вкупните расходи за периодот од април до јуни 2024 година се во износ од **119.612.024,00** денари и се за **57.874.361,00** денари помали од расходите за истиот период во 2023 г. кога вкупните расходи изнесуваат **61.737.663,00 ден.**
3. Во периодот од април до јуни 2024 година остварена е **загуба** во износ од **76.873.366,00** ден, а во истиот период 2023 година остварена е загуба од **5.097.547,00** денари.

# 7 ЗАВРШЕН ДЕЛ

Податоците изнесени погоре во текстот покажуваат дека во првото полугодие од 2023 г. Јавното претпријатие Улици и патишта Скопје споредено со истиот период во 2022 г. ги покажува следниве резултати:

- Вкупните приходи во периодот 01.01.-30.06.2024 г. изнесуваат **128.308.363,00 денари** и се поголеми за 52.047.120,00 денари од приходите остварени во периодот 01.01.-30.06.2023 г. кога тие изнесувале **76.261.243,00**
- Вкупните расходи во периодот 01.01.-30.06.2024 г. изнесуваат **185.275.085,00 денари**, и се зголемени за 68.855.856,00 денари од расходите во период 01.01.-30.06.2023 г. **116.419.229,00 ден.**
- Во периодот 01.01.-30.06.2024 г реализирана е **загуба** во износ од **56.966.722,00 денари**, за разлика од периодот од 01.01.-30.06.2023 г. кога **загубата** изнесувала **40.157.986,00 денари** односно финансискиот резултат - загубата за 2024 година е за 16.804.586,00 денари поголема од загубата реализирана во 2023 година.

**Изготвил:**

м-р Слаџана Куиќ
*Виш соработник за план и анализа*

**Контролирал:**
Виолета Стаменовска
*Раководител на Сектор Финансиско работење*

**В.Д. ДИРЕКТОР**
**Ванчо Умленски**